## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во август 2003 година

- *Во август Владата ја одобри Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија, која е во функција на подобрување на условите за деловно работење во земјата и привлекување на поголем број на странски инвестиции.*

- *На 25 август, Владата на својата редовна седница ја утврди Одлуката за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати, утврдени согласно постојната методологија, со што малопродажните цени на нафтените деривати се зголемени во просек за 1,97%.*